# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 8 Година II 12.10.2009



# НЕПРЕКИНАТО И КВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 30.000 ЖИТЕЛИ

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Љупчо Пандиловски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



# ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА КАЈ ЦЕМЕНТАРНИЦАТА „УСЈЕ“

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Кисела Вода, Марјан Ѓорчев на 29 септември ја пуштија во употреба атмосферската канализација на булеварот Србија, кај цементарницата „Усје“. Атмосферската канализација на овој потег е долга 560 метри, а поставени се полирани водонепропустни армирани бетонски цевки со профил од 800 милиметри.

Овој голем инфраструктурен објект ќе ги собира атмосферските води од просторот кој гравитира околу цементарницата „Усје“ и значително ќе ги намали проблемите со кои се соочуваа околу 7.000 околни жители при секој поголем дожд. Градот Скопје во изградбата на оваа атмосферска канализација вложи околу 8 милиони денари, пари кои се во целост обезбедени од буџетот. Во соработка, пак, со општината Кисела Вода навреме ги решивме имотно-правните проблеми во овој дел – рече градоначалникот Трајановски, на пуштањето во употреба на атмосферската канализација кај „Усје“.

Градежните работи за изградба на атмосферската канализација ги изведуваше компанијата „Енергомонт“ од Скопје.

# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЌЕ ГО ПОДОБРИ ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО МАЏАРИ

Градот Скопје и ЈП „Водовод и канализација"почнаа да ја градат новата водоводна мрежа на улицата Перо Наков, во општината Гази Баба. Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски и директорот на ЈП „Водовод и канализација", Игор Арнаудов, кон крајот на минатиот месец го посетија градилиштето на новата водоводна мрежа која ќе го подобри водоснабдувањето на 30.000 жители од населбите Маџари, Хиподром, Ченто и источната индустриска зона.

Почнуваме проект од големо значење за градот Скопје. Како што е познато, населбите Маџари, Хиподром, Ченто и источната индустриска зона сега имаат големи проблеми со водоснабдувањето. Но, сега почнуваме изградба на мрежа долга 650 метри со лиено- железни цевки со профил Ф 500 милиметри. Мрежата ќе биде циркуларна и ќе овозможува континуирано водоснабдување на овие населби во случај на дефект на постојната цевка Ф 700 милиметри која сега ги снабдува со вода населбите Маџари, Ченто, Стајковци, Трубарево, Хиподром и Инџиково. Инвеститор на изградбата на водоводната мрежа е ЈП „Водовод и канализација", а на терен ќе работат екипите на фирмата „Вардар-Градба". Реализацијата на овој проект чини 20 милиони денари. Во наредниот период останува обврската да го изградиме водоводот од „Агросервис" до резервоарот во населбата Ченто, како и новиот резервоар, со што трајно ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во овој дел од градот – рече градоначалникот Трајановски на почетокот на изградбата на мрежата.

Според предвиденото, изградбата на водоводната мрежа во Ченто треба да заврши до крајот на октомври, а протокот низ неа ќе биде 330 литри во секунда.

Досега од оваа водоводна мрежа се изградени 160 метри.








# СТАРТУВАШЕ ИЗГРАДБАТА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Екипи на Градот Скопје на почетокот на септември почнаа да ја градат новата фекална канализација на новопроектираниот булевар АСНОМ во Горно Лисиче. Мрежата ќе биде долга 1.200 метри, а за нејзината изградба ќе се одвојат 18 милиони денари, пари од буџетот на Градот Скопје.

Новата фекална мрежа деновиве се гради без прекини, иако во отежнати услови, поради непристапниот терен. Градежниците велат дека изградбата се одвива според предвидената динамика.

Почнуваме капитален проект кој ќе ги реши проблемите со фекалната канализација на 35.000 жители од населбите Лисиче и Горно Лисиче. Со тоа, во голема мера ќе се подобрат условите за живеење во овие населби, а ќе се заштити и животната средина. Цевките ќе се поставуваат на длабочина од шест метри, а ќе бидат со профил од 500, 600 и 1.000 милиметри. На изградбата на фекалната канализација ќе работат екипите на фирмата „Енергомонт“ – Скопје, а доколку не послужат временските услови, овој инфраструктурен објект треба да се заврши во рок од три месеца – изјави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на поставувањето камен-темелник на новиот инфраструктурен објект.

Градоначалникот на општината Аеродром, Ивица Коневски на почнувањето на градежните работи на новата канализација објасни дека за дваесетина дена се очекува да почне и изградбата на препумпната станица за новата фекална мрежа која што општината ќе ја гради во соработка со Градот Скопје.



# НАСЕЛБАТА КАМНИК СО НОВ ВОДОВОД, А НАСКОРО И СО ФЕКАЛНА И АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Во заеднички проект на Градот Скопје, Општината Гази Баба и Министерството за транспорт и врски минатиот месец почна да се гради атмосферска и фекална канализација на улицата Јужноморавски бригади. Проектот е вреден 23 милиони денари.

По изградбата на атмосферската и фекалната канализација, градежните работи на овој потег ќе продолжат. Се планира улицата Јужноморавски бригади целосно да се асфалтира, да се прошири и да се изградат тротоари.

На почетокот на градежните работи на атмосферската и фекалната канализација им претходеше пуштање во употреба на секундарната водоводна мрежа во населеното место Камник. Со ова е решен долгогодишниот проблем со водоснабдувањето на повеќе од 2.500 жители на населбата Камник.

- Со новиот водовод жителите на Камник конечно ќе добијат вода за пиење според сите стандарди. Задоволни од реализацијата на овој проект, продолжуваме со изградба на фекалната и атмосферската мрежа со што ќе се комплетира инфраструктурата во овој дел од градот – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на пуштањето во употреба на новата водоводна мрежа во Камник.



# ПРОМОВИРАНИ НОВИТЕ ВОДОМЕРИ НА ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ



**Придобивки од поставувањето на новите водомери:**

**- изготвување прецизни сметки за потрошената вода и подобрена услуга**

**- многу поголема брзина на отчитувањето и тоа секој месец**

**- подобрување во точноста на отчитувањето на водомерите поради елиминирање на пречките настанати со мануелно отчитување**

**- водомерите сигнализираат сигурен дефект на нивната внатрешна водоводна мрежа**

**- почитување на приватноста на корисниците на услуга бидејќи нема да има потреба од влегување во приватни имоти поради читање на водомерите**

Како една од мерките за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем, екипи на ЈП „Водовод и канализација" во изминатиов период почнаа да поставуваат нов тип водомери со далечинско отчитување во скопските домаќинства. Новиот тип водомери на почетокот на месецов го промовираа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и директорот на ЈП „Водовод и канализација", Игор Арнаудов, во населбата Лисиче каде што од почетокот на годинава се инсталирани 700 куќни водомери со далечинско отчитување.

Овој проект на Градот Скопје и на ЈП „Водовод и канализација" значително го олеснува процесот на читање на водомерите, особено на оние кои се наоѓаат на непристапни места, го намалува времето на читање и ги јавува дефектите на мрежата во домовите на граѓаните за да се спречи непотребното истекување на вода. Водомерите се безбедни и ги задоволуваат пропишаните европски стандарди – рече градоначалникот Трајановски на промоцијата на новите водомери.

Во согласност со тендерот за набавка на водомери за далечинско отчитување во 2009 година набавени се вкупно 4.000 куќни водомери, од кои 3.200 за вертикална инсталација во становите во зградите, 800 водомери за хоризонтална инсталација во индивидуалните куќи, како и 95 комбинирани индустриски водомери. За набавка на новите водомери ќе се потрошат 19 милиони денари. Производител на водомерите е австриската компанија EWT (ELIN Wasserwerkstechnik Gesellschaft m.b.H.), која е една од најреномираните светски компании за производство на водомери. Со цел граѓаните да не бидат оптоварени со дополнителни трошоци, менувањето на класичните водомери со водомери со далечинско отчитување е на сметка на ЈП „Водовод и канализација".

Системот за далечинско отчитување на водомерите е наменет за прием, обработка и пренос на импулсите од водомерите со помош на радиопренос. Отчитувањето на водомерите со радиоврска се врши на два начина: со одење (пешачење) и преку возило во движење. Инсталацијата на новонабавените 4.000 куќни водомери и 95 комбинирани индустриски водомери со далечинско отчитување е предвидено да се реализира најдоцна до средината на 2010 година.



# ВТОРА И ТРЕТА ФАЗА ОД ЧИСТЕЊЕТО НА КОРИТОТО НА ВАРДАР

*Екипи на Градот Скопје деновиве го чистат коритото на реката Вардар, на левата страна, како дел од втората и третата фаза од големата акција за чистење. Во овие две фази машински ќе бидат исчистени, подигнати и транспортирани 5.000 кубни метри нанос, а 30.000 кубици нанос машински ќе бидат израмнети и со нив пополнети сите дупки и нерамнини на дното на коритото.*

*Со оваа акција ќе бидат расчистени нанесените отпадоци, калта, тињата, и гранките. Во расчистувањето ќе се вклучи и механизацијата на ЈП „Улици и патишта".*

*Во првата фаза од рачното расчистување на коритото на Вардар беа исчистени косините на минор коритото на реката. Втората и третата фаза од чистењето на коритото на Вардар се реализираат според програмата на Град Скопје за одржување на минор коритото на реката Вардар, а средствата за оваа акција беа обезбедени од Буџетот на Град Скопје.*



# АСФАЛТИРАНА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА НА МОСТОТ „ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ"

Екипи на ЈП „Улици и патишта" ја асфалтираа пешачката патека од едната страна на мостот „Обединети нации". Целосната асфалтирана површина на патеката изнесува 210 квадратни метри, а за нејзиното асфалтирање беа употребени 31 тон асфалтна маса. На патеката, во должина од 100 метри и ширина од 2,10 метри беше вграден асфалтен слој со дебелина од 6 сантиметри.

Со ова, целосно заврши реконструкцијата на мостот „Обединети нации" предвидена во програмата на Град Скопје, која што опфати промена на армирано-бетонските капаци со нови, санација на гредите и поставување на заштитни столпчиња со амблемот на Град Скопје.

# УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ЗА ПРВАТА СКОПСКА ЧЕТВОРКА



Четирите близначиња од населбата Козле кои годинава учат во петто одделение во основното училиште „Владо Тасевски" добија можност да изберат училишни ранци и да ги наполнат со училишен прибор (тетратки, бои, гумички, моливи и друго), како подарок од Град Скопје за успешен почеток на новата учебна година.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на Мирјана, Славко, Симона и Михаил им посака успешна учебна година и постигнување високи резултати во школувањето.

# ДОПОЛНЕТ ВОЗНИОТ РЕД НА ЛИНИЈАТА СО БРОЈ 60

*За да се подобри пристапноста на туристичкиот локалитет Матка за сите заинтересирани граѓани, Градот Скопје минатиот месец го дополни постојниот возен ред на автобуската линија со број 60 на ЈСП на делницата Сарај – Матка, кој важи за неделите и за државните празници.*

*Поаѓањето од Сарај за Матка е во следниве термини: 8; 12.30; 14.00; 15.10 и 18.40 часот.*

*Поаѓањето од Матка за Сарај е во следниве термини: 8.30; 13.30; 14.30; 15.30 и 19.10 часот.*

# СКОПЈЕ ЌЕ УЧИ ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ОД ФРАЈБУРГ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 7 октомври во германскиот град Фрајбург го потпиша меморандумот за разбирање меѓу Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) и градовите Фрајбург, Скопје, Сараево, Подгорица и Загреб за спроведување на проектот „Градење на капацитетите за управување со енергијата во градовите."

Меѓу првите проекти кои Град Скопје ќе ги спроведе, а за кој ќе побара помош преку овој меморандум, е проектот за намалување на трошоците за улично осветлување. Овој проект би предвидел диспечерски центар од каде што треба да се следи работата на уличното осветлување, дефектите и комплетната потрошувачка на енергија.

Со заштедата на електрична енергија во Градот Скопје ќе се придонесе за зголемување на енергетската ефикасност, а заштедените средства би се користеле за инвестирање во користењето обновливи видови енергија.

Енергетската ефикасност во наредните години ќе се применува и во јавните институции на Град Скопје. Проектот „Градење на капацитетите за управување со енергијата во градовите" отвора можност вработени во Градот Скопје да се обучуваат за изработка на проекти за енергетска ефикасност

За време на посетата на Фрајбург, градоначалникот Трајановски оствари средба и со градоначалникот на Градот Фрајбург, Дитер Соломон, на која двајцата градоначалници разменија искуства за работата на локалната самоуправа и градската администрација.

*По повод празникот Рамазан Бајрам*

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ ЈА ПОСЕТИ **ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА**

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, по повод празникот Рамазан Бајрам ја посети Исламската верска заедница и оствари средба со поглаварот на Исламската верска заедница, Реис Ул Улема, Хаџи Сулејман Ефенди Реџепи, генералниот секретар на ИВЗ, Хаџи Африм Ефенди Таири и директорот на секторот за верско образование и наука при ИВЗ, Хаџи Јакуп Селимовски.

Градоначалникот Трајановски, во името на сите граѓани на град Скопје, на сите верници од муслиманска вероисповед им го честита големиот верски празник, Рамазан Бајрам. Притоа, тој им посака благосостојба во домот, мир и љубов.



## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ДЕЛЕГАЦИЈА **ОД НИРНБЕРГ**

*Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 22 септември оствари средба со членовите на делегацијата од градот Нирнберг, Хорст Фертер, заменик-градоначалник на Нирнберг и Вернер Трини, одговорен за соработката на Нирнберг и Скопје.*

*На средбата со делегацијата од збратимениот град Нирнберг стана збор за досегашната успешна соработка меѓу двата града, пред се во областа на културата, уметноста, социјалната заштита, заштитата на средината и во други области. Притоа, и двете делегации изразија надеж дека оваа соработка ќе продолжи да се развива и понатаму и дека истата ќе се интензивира и во други области, пред се во областа на стопанството и економијата.*

*За време на официјалната посета на Скопје, делегацијата од Нирнберг го посети и Домот за деца без родители „11 Октомври" и предаде донација од 1.000 евра, која ќе биде употребена за купување машини за перење за децата од Домот.*

# СЕ РЕКОНСТРУИРА ПАТОТ ОД СРЕДНО ВОДНО ДО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“



Екипи на ЈП „Улици и патишта“ деновиве го реконструираат патот од Средно Водно до манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“. Имајќи ги предвид големите оштетувања на патот, покрај санирањето на длабоките дупки ќе биде извршена и целосна реконструкција на одредени делови од патот со машинско раскопување до 10 сантиметри и вадење на асфалтната површина.

Оваа градежна активност ќе биде изведена на површина од 400 метри квадратни, по што ќе следи тампонирање и машинско асфалтирање со асфалтна маса од 7 сантиметри.

# ГУРМАНСКИОТ ВИКЕНД ПОВТОРНО ГО РАЗДВИЖИ СКОПЈЕ

*Од 17 до 20 септември годинава платото зад тврдината Кале беше домаќин на вториот Интернационален Фестивал на Национална кујна и Фестивал на Пиво во Скопје „Гурмански викенд-МОРЕ СОКОЛ ПИЕ....2009“. Во текот на четирите фестивалски вечери на скопското Кале се презентираа разновидни гурмански специјалитети од европските национални кујни и повеќе од триесет вида пиво од најголемите европски и светски пиварници.*

*Манифестацијата „Гурмански викенд-МОРЕ СОКОЛ ПИЕ....2009“ ја отвори градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, кој истакна дека ова случување е дел од програмата на Град Скопје за заживување и ревитализација на Старата скопска чаршија.*

*- Овој фестивал е стопанско-културно збиднување кое има тенденција да стане најголем македонски фестивал на национални гурмански специјалитети и најголем фестивал на пиво, но и да овозможи зближување и испреплетување на различните култури на едно место - рече градоначалникот Трајановски.*

*Фестивалот на национална кујна и на пиво изобилуваше со континуирана забава со музика, продажба на ракотворби, уметнички креации и забавни настапи на артисти од Македонија и од повеќе европски земји.*

# НОВИ СЕМАФОРИ НА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО

Нови семафори од минатиот месец го регулираат сообраќајот на новата крстосницата на булеварот Видое Смилевски Бато. Во изминатиот период беше извршена реконструкција на семафорскиот систем на оваа крстосница, при што беа поставени нови контролери и нова инсталација за поврзување на семафорите.

Финансиските средства за проектот за семафоризација на новата крстосница на Видое Смилевски Бато беа обезбедни од буџетот на Град Скопје, а работите ги изведуваше ЈП „Улици и патишта“.





# ПОСТАВЕНА ЗАШТИТНА ОГРАДА НА ГОРНИОТ ВИДИКОВЕЦ НА ВОДНО

*Челична ограда висока два метра од минатиот месец го заштитува реновираниот горен видиковец на падините на Водно од отпадоци и оштетување на урбаната опрема. Заштитната ограда е со вкупна должина од 120 метра, зацврстена на метални столбови. Вградени се вкупно 50 метални столбови во висина од 2,8 метра, бојадисани со зелена боја.*

*Оградата ја поставија екипите на ЈП „Улици и патишта", како дел од редовните активности на Град Скопје за одржување на парк-шумата Водно.*

## МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ - ДОМАЌИН НА ЦЕНТАРОТ ЗА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ

*Во Музејот на Град Скопје на 23 септември свечено беше отворен Центарот за креативни индустрии. Станува збор за успешен проект насочен кон поддршка и зајакнување на вештините на креативните работници и мапирање на креативните индустрии во Скопје.*

*Отворањето на Центарот е резултат на потпишаниот меморандум за соработка меѓу Град Скопје, Музејот на Град Скопје и Македонската асоцијација на креативни занаетчии (МАТА).*

## ПОСТАВЕНИ СТОЛПЧИЊА НА ПОТЕГОТ ОД ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА ДО ГРАДСКИТЕ БАРАКИ



Екипи на Градот Скопје поставија вкупно 160 столпчиња на потегот од рампата кај Зоолошката градина до влезот во градските бараки. Столпчињата се поставуваат со цел да се оневозможи влез со автомобили во овој дел од Градскиот парк.

Во наредниот период, столпчиња треба да се постават и на потегот од фонтаната „Лотосов цвет" до хотелот „Канет" со што ќе се затворат сите приоди во Градскиот парк за влез со моторни возила.

# БЕКАТОН-ПЛОЧКИ НА ПЛАТОТО ПРЕД ШКОЛКАТА



Екипи на ЈП „Улици и патишта“ наредија бекатон-плочки на платото пред Школката, во Градскиот парк. Бекатон-плочките се со црвена и сива боја и се поставени на површина од 200 квадратни метри.

Школката, како и платото пред неа често се користи за организирање на културни настани, мали концерти и манифестации. Со поставувањето на бекатон-плочките, овој простор кој претходно беше не одржувана тревна површина и запуштена земја и прав, ќе добие уреден и урбан лик.

# АСФАЛТИРАНИ НОВОПРОЕКТИРАНИТЕ УЛИЦИ ВО РАСАДНИК



Екипи на ЈП „Улици и патишта“ минатиот месец ги асфалтираа улиците во населбата Расадник, Кисела Вода. Асфалтирана е улицата Новопроектирана 2 со вкупна должина од 162 метри. Улицата Новопроектирана 3 е асфалтирана во првиот и вториот дел со должина од 223 метри.

Вкупно асфалтираната површина во Расадник изнесува околу 1.000 квадратни метри, а вграден е асфалтен слој со дебелина од 10 сантиметри.

Во населбата Расадник, како дел од завршните работи за уредување на просторот поставени се бекатон-плочки на тротоарите и наместени се рабници по должината на тротоарот. Поради нерасчистени имотно-правни односи останува да се наредат бекатон плочки на тротоарите на уште 500 квадратни метри од вкупно предвидените.

# КОНКУРС ЗА ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ГРАДСКИОТ ПАРК

*Град Скопје распиша Конкурс за избор на идејно решение за партерно и хортикултурно уредување на локалитет во Градскиот парк. Конкурсот е јавен и анонимен, а право на учество во него имаат сите правни и физички лица, државјани на Република Македонија.*

*Пристигнатите трудови ќе ги оценува жири-комисија, составена од претседател и два члена. При оценувањето на трудовите ќе се вреднуваат следните критериуми: изводливост и одржливост, економичност на решението, инвентивност во пристапот на обликување, понуда на растителни видови и нивна прилагоденост на локалните климатски услови, понуда на програмски содржини и компатибилност со општата намена на просторот, како и задоволување на сите прописи за движење на лицата со посебни потреби.*

*Проектите треба да се доставаат најдоцна до 30.10.2009 година, во просториите на Град Скопје, барака број 1.*



# ЗАЗЕЛЕНИЈА ЖАРДИНИЕРИТЕ ВО АЕРОДРОМ

Екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ деновиве интензивно работат на уредувањето на новоподигнатите жардињери во градот. Жардињерите во населбата Аеродром се веќе уредени, поставена е нова хидрантна мрежа и систем за полевање капка по капка, направени се шахтите, пополнети се празнините меѓу елементите со фуга, а посеана е и нова трева.

Изградбата на жардињерата во Автокоманда, кон мостот во Сингелиќ, е во завршна фаза. Поставена е хидрантна мрежа за полевање, а деновиве се подготвува земјената подлога. Оваа жардињера е долга 900 метри.

На жардињерата на Бит-пазар се сее трева, а се поставува и системот за полевање капка по капка. На жардињерите на булеварот Партизански одреди на потегот од раскрсницата кај „Симпо“ до мостот „Обединети нации“ со вкупна должина од 3 километри се поставува хидрантна мрежа за полевање, се распостила нова плодна земја, се прават шахтите и се пополнуваат фугите на елементите.

На жардињерите на булеварите 8 Септември и Октомвриска револуција се подготвува земјената подлога, по што ќе следи поставување на хидрантна мрежа за полевање и поставување на систем капка по капка.

# НОВИ ЖАРДИНИЕРИ И ПРИСТАПНА РАМПА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Илјада и дваесет мали жардињери од минатиот месец го красат Градскиот парк, во близина на Градскиот стадион. Жардињерите во бела и црвена боја се поставени плански на потегот од скалите во близина на стадионот, во должина на патеката до кривината. Екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ ги наполнија малите жардињери со земја и во нив наскоро ќе бидат засадени минисадници и сезонско цвеќе.

Жардињерите ќе овозможат стабилизирање на косините и спречување на одрони на земја при врнежи, а придонесуваат и за поубав естетски изглед во овој дел од паркот. Истите се поставени во два или три реда во зависност од висината на косините.

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ изградија и пристапна рампа кај скалите од платото пред Градскиот стадион. Рампата ќе го олесни пристапот на лицата со посебни потреби и на велосипедистите во овој дел од Градскиот парк.



*Одбележан Меѓународниот ден без автомобили*

# ПРОМОВИРАНИ НОВИТЕ ПАРКИРАЛИШТА ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ВО СКОПЈЕ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 22 септември го предводеше карванот со велосипеди кој што тргна од пред градските бараки и се возеше до трговскиот центар „Буњаковец", како дел од одбележувањето на Меѓународниот ден без автомобили. На градоначалникот Трајановски на велосипеди му се придружија и заменик-градоначалникот на Нирнберг, Хорст Фертер, претставници од повеќе амбасади, министерот за животна средина, Нецати Јакупи, градоначалникот на општината Карпош, Стевчо Јакимовски, членови на градската администрација и граѓани. Пред трговскиот центар „Буњаковец" беа промовирани новите паркиралишта за велосипеди кои ги постави Градот Скопје во рамките на проектот „СО ВЕЛОСИПЕД Е ВО РЕД! А КАДЕ ДА ПАРКИРАМ?" кој во изминативе месеци се спроведуваше во соработка со здружението на граѓани „Коалиција за одржлив развој – КОР" и општината Карпош.

Задоволство ми е што токму на овој ден ги претставуваме резултатите од проектот „СО ВЕЛОСИПЕД Е ВО РЕД! А КАДЕ ДА ПАРКИРАМ?". Велосипедот е економично превозно средство и не ослободува штетни емисии во воздухот, а тие придобивки од користењето велосипед ги имаме предвид во нашата намера континуирано да работиме на доизградба на велосипедските патеки во градот и на нивно обележување. Во рамките на овој проект поставивме паркиралишта за велосипеди на седум локации во градот, по должината на велосипедските патеки. Продолжуваме да работиме на систем за изнајмување велосипеди и ја почнуваме кампањата „Возете велосипед!" која има за цел да ја подигне свеста кај граѓаните да го користат ова економично и еколошко алтернативно превозно средство. Ги повикувам сите граѓани кои имаат можност да ја поддржат и активно да се вклучат во оваа кампања – порача градоначалникот Трајановски на промоцијата на резултатите од обемниот проект на кој Градот Скопје работеше во изминативе неколку месеци.

Проектот „СО ВЕЛОСИПЕД Е ВО РЕД! А КАДЕ ДА ПАРКИРАМ?" имаше за цел да го промовира велосипедот како рамноправно транспортно средство во урбаните средини и преку конкретни акции и поставување паркиралишта за велосипеди на повеќе локации во градот да придонесе за подобрување и зголемување на капацитетот за паркирање на велосипеди во Скопје.





*Градската традиција продолжува*

# БЕЛА НОЌ ПО ПЕТТИ ПАТ– НАЈДОЛГАТА КУЛТУРНА НОЌ ВО СКОПЈЕ

Илјадници скопјани во саботата, на 26 септември, имаа можност да посетат една од 25-те локации низ Скопје и да уживаат во настапите, изложбите и перформансите на уметници од 12 земји од Европа и светот во рамките на петтото и јубилејно издание на најдолгата културна ноќ во градот – „Бела ноќ 2009." Традиционалната градска манифестација почна со отворањето на изложбата „Меѓупростор" на дела од современата уметност од девет уметници од Бања Лука, во Музејот на Град Скопје. Најголемо внимание кај посетителите, пак, предизвика спектакуларниот настап на швајцарската група „Егзос", чии што членови на плоштадот „Македонија" го изведоа балетот во воздух „Сума".

Сите културни институции на Град Скопје, како и претходните години се вклучија во реализацијата на програмата на најдолгата културна ноќ во Скопје. Вљубениците во уметноста можеа да присуствуваат на единствени културни настани во МКЦ, КИЦ, КО-РА, МНТ, во Музејот на Град Скопје, Дом на АРМ, МНТ, Мала станица, во библиотеката „Браќа Миладиновци", како и на Европскиот универзитет, каде што се отвори студентска изложба на студентите по арт и дизајн.

Увертира на отворањето на „Бела ноќ 2009" беше краткиот музички концерт на Мандолинскиот оркестар при МКЦ и соло настапот на македонскиот оперски пејач Стојан Цветановски. Во Музејот на Град Скопје концерт одржаа и Four Strings Quartet од Македонија и Роберт Биша од Албанија, а беше отворена и изложбата „Цртање од задоволство" на уметници од Јапонија.

Пред спомен-домот на Мајка Тереза се одржа поетско читање, на новата железничка станица група уметници цртаа графити, на скалите на Градскиот трговски центар се одржа модна ревија, во неколку кафулиња на улица Македонија се делеа книги, а на Школката во Градскиот парк публиката ја забавуваа неколку диџеи во организација на „Вавилон Порта".

Целовечерното културно дружење го збогатија и настапите на децата од „Златно славејче" кои се претставија во Зоолошката градина, настапот на Детското балетско студио -ТУТУ во Универзалната сала, како и Детското шоу во Детскиот културен центар „Карпош".

Во рамките на „Бела ноќ", традиционално и годинава на улицата Максим Горки се одржа популарниот натпревар во стритбол меѓу мешани кошаркарски екипи од средните училишта на Град Скопје, манифестација која се организира во соработка со Сојузот на спортови на Скопје и Кошаркарската федерација на Македонија.









*Со одлука на Советот на Град Скопје*

# „ДРИСЛА“ СТАНА ПОСЕБНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Советот на Град Скопје на последната седница даде согласност за формирање Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад „Дрисла“ – Скопје, со што депонијата „Дрисла“ се издвојува од ЈП „Комунална хигиена“ како посебен правен субјект. Депонијата „Дрисла“ функционираше во рамките на ЈП „Комунална хигиена“ во изминативе 6 години.

Причина за формирањето на посебно јавно претпријатие е потребата од посебно складирање и обработување на отпадот според сите европски и светски стандарди, со што Скопје ќе добие современа санитарна депонија. Осамостојувањето на „Дрисла“ го отвора патот за понатамошни проекти за искористување на топлинската и електричната енергија од преработениот отпад и гасот, како и можноста за рециклирање на ѓубрето. Досега, поголемиот дел од вниманието и ресурсите на ЈП „Комунална хигиена“ беа насочени кон собирањето на сметот и не беше посветено доволно внимание на неговото складирање и обработување, што доведе депонијата „Дрисла“ да се наоѓа во сегашната алармантна состојба.

Со формирањето на Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад „Дрисла“ – Скопје ќе се здобие со компактна целина која ќе придонесе за поголема организациска стручност и поголемо искористување на работната сила, како и на стручниот потенцијал и механизацијата која што стои на располагање.

Во наредниот период, по пат на трипартитен договор меѓу новоформираното претпријатие, ЈП „Комунална хигиена“ и Градот Скопје, ќе бидат договорени и останатите трансфери на надлежности меѓу кои преземањето на работници од ЈП „Комунална хигиена“ и нивно соодветно распоредување во ЈП „Дрисла“, преземањето на обврските во врска со техничко-технолошкиот процес на работа на санитарната депонија „Дрисла“, како и работи од областа на развојот и унапредувањето на процесот на собирање, транспортирање и депонирање на отпадот.

На седницата на Советот беше донесена и одлука за спроведување на постапка за избор на консултант за спроведување постапка за концесија за изградба на трамвајски систем, изградба на две подземни сообраќајници и изградба на скијачка патека на Водно. Со оваа одлука, Градот Скопје ќе почне постапка за ангажирање стручен консултант за спроведување постапка за доделување концесија на заинтересиран субјект.



